Bojan Marichikj
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.11.10 13:59:17 +01'00'

Бр. 05-2877/1
Скопје, 09.11.2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година и измената на Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/2 од 22.06.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за јавна набавка на стоки – Обновување на постоечките лиценци за е-маил за потребите на Министерството за правда

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка за набавка од мала вредност за јавна набавка на стоки - **Обновување на постоечките лиценци за е-маил за потребите на Министерството за правда**.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Обновување на постоечките лиценци за е-маил за потребите на Министерството за правда.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 800.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 144.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 944.000,00 денари.

Средствата за ова набавка се обезбедени од Буџетот на Министрството за правда за 2021 година, а плаќањето ќе се врши од сметката на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Јавната набавка од точка 1 на оваа Одлука, ќе се спроведе согласно **член 49**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **поедноставена отворена постапка,** за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе завршува без спроведување на електронска аукција.

4. Критериум за избор на најповолна понуда, согласно член 99 од Законот за јавните набавки, е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена дедена преку ЕСЈН.

5. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.

6. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:

   - Претседател на Комисијата: Михајло Војтикив
   - Членови: - Теута Бериша
     - Нофка Стојанова

   - Заменик претседател на Комисијата: Ацо Живковски
   - Членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

7. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.

8. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година и измената на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/2 од 22.06.2021 година на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е Обновување на постоечките лиценци за е-маил за потребите на Министерството за правда.

За задоволување на наведената потребата од оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 800.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 144.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 944.000,00 денари.

Средствата за ова набавка се обезбедени од Буџетот на Министрството за правда за 2021 година, а плаќањето ќе се врши од сметката на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification